Александар ТРАЈАНОВСКИ

# ПРОСВЕТНАТА ДЕЈНОСТ НА ПРИЛЕПСКАТА ЦРКОВНО-УЧИЛИШНА ОПШТИНА ВО ВРЕМЕТО КОГА НЕЈЗИН ЧЛЕН БИЛ МАРКО ЦЕПЕНКОВ

Минатата година се наврши ја 150 години од раѓањето на големиот македонски општествен и културен деец МАРКО К. ЦЕПЕНКОВ (1829-1920). Не навлегувајќи во богатиот и разновиден собирачки и творечки опус[1]) на познатиот прилепчанец, во оваа прилика, сосема во куси црти се осврнуваме на просветната дејност на Прилепската црковно-училишна општина во времето кога нејзин активен член бил Марко Цепенков.

Од автобиографијата на Марко Цепенков се гледа дека тој зел активно учество во црковните борби во Прилеп во 60-тите и 70-тите години на минатиот век за еманципација од Цариградската грчка патријаршија. Потоа, Цепенков зел учество во преземањето на Црковно-училишната општина од страна на младите прилепски сили, кон кои припаѓал и самиот; во членувањето во одделни општински комисии; членувањето исто така во Црковното и Училишното општинско настојателство и друго. Еве што пишува Цепенков за ова во својата автобиографија:

[1] Цепенковата повеќегодишна макотрпна собирачка и творечка дејност е од непреценлива важност за нашата народна книжевност, културната па и национално-политичката историја, филологија, етнологија, фолклористика, социологија, економија, правна наука и друго. Еден најголем дел од неговиот богат собирачки и творечки опус во вид на песни, бајки, приказни, легенди, преданија, басни, анегдоти, поговорки, гатанки, верувања, бајачки, богослови, соништа, сеништа, детски игри, етнографски описи, тајни (животински) говори и друго веќе се излезени од печат. Види: Томе Саздов, Цепенков како собирач на македонски народни умотворби, Скопје, 1974, 161; Истиот: Марко Цепенков во нашата фолклористика, Стремеж, бр. 2, Скопје, 1967, 21; Истиот: Македонија и посебно Прилеп во времето на Марко К. Цепенков, Годишен зборник на Фил. ф., кн. 22, Скопје, 1970, 205—224; Истиот: Марко Цепенков (1829—1920), Културен живот, XXIV/4—5, Скопје, 1979, 27—28; Истиот: Марко К. Цепенков (1829—1920). По повод 150-годишнината од неговото раѓање, Развиток, XVII/2, Битола, 1979, 179—186; Блаже Конески, Кон македонската преродба, Скопје, 1959, 90; Истиот: Марко К. Цепенков (предговор кон книгата „Марко Цепенков: сказни и сторенија"),

„Докрај достојав и видов со очи да се сврши црковната работа, да се истера грчкио владика, во место него да си имаме општина и јас да бидам бааѓи години општинар, црковен, учил(ишен) настојател, комисија..."[2].

Според зачуваната документација за Прилепската црковно-училишна општина, а која предимно се чува во Историскиот архив на град Прилеп, се гледа дека Марко Цепенков бил нејзин член од 1881 до 1886 година.[3]). Во повеќе општински протоколни и други документи се среќава неговото членување на Општината[4]). Дури на еден општински акт од 23. I 1883 година (17 редовно општинско заседание за таа година), го среќаваме и личниот потпис на Цепенкова како свидетел и потпишувач на документот (Види го факсимилот[5]).

По повод на 150 годишниот јубилеј од неговото раѓање во оваа прилика се осврнуваме накусо само на просветната дејност на Прилепската црковно-училишна општина од 1881 до 1886 година.

Во временскиот период 1881-1886 година, кога Марко Цепенков бил член на Прилепската црковно-училишна општина, истата официјално се наоѓала под јурисдикцијата на Бугарската егзархија, основана во 1870 година во Цариград. Влегувањето во составот на новоформираната бугарска црква, Прилеп-

---

Скопје, 1954, 7—22,; Кирил Пенушлиски, Писма на Марко Цепенков до Ив. Д. Шишманов, Трудови, I/1—2, Скопје, 1960, 121—123; Истиот: Предговор кон книгата „Марко К. Цепенков: Македонски народни приказни", Т. III, Скопје, 1959, 291; Истиот: Опис на еснафите во Прилеп од Марко Цепенков, Гласник на Институтот за национална историја, VIII/2, Скопје, 1964, 207—239; Гане Тодоровски, Марко Цепенков, Литературен збор, XV/5, Скопје, 1968, 9—15; Истиот: Претходниците на Мисирков, Скопје, 1968, 198 и други.

Дури неговата автобиографија на двапати е презентирана пред нашата читателска јавност. Види: Кирил Пенушлиски, Автобиографијата на Марко К. Цепенков, Македонски јазик, IX/1—2, Скопје, 1958, 112—145; Марко К. Цепенков: Македонско народно творештво, десетта книга, Редактирал Блаже Ристовски, Скопје, 1972, 303—345.

2 Марко К. Цепенков: Македонско народно творештво, десетта книга, (Автобиографијата), Редактирал Блаже Ристовски, Скопје, 1972, 329—330.

3 Историски архив на град Прилеп, Фонд: Прилепска црковно-училишна општина — Сържение на изждящить писма. Църк. община. Исх. писма за 72 — 74 — 75 — 76 — 81 г. Вх. Исх. Ж. за 1884 год. (Односно тоа се документи содржани во Третата протоколна општинска книга, с. 56, 57, како што понатаму скратено ќе ја цитираме).

4 Прилепската црковно-училишна општина во почетокот на 1884 година ја сочинувале следниве членови: Јован Мојсо Мирчев, К. Попев, К. Небреклиев, А. Катранушков, Н. Биолчев, Јаков Казанциев, Марко Цепенков, Христо Јанкулев, Г. Богдан, Јован Зердев, Коне Шопчев, Христо Граше, Здраве Керамитџија и Димче Тошов. — Истото, 59.

5 Истото, с. 5—6; Протоколи од заседанијата на Прилепската општина (1872—1886), Подбор, редакција и коментар Љубен Лапе, Скопје, 1956, 89.

ската црковно-училишна општина на одреден начин тесно се поврзала со Егзархијата[6]). Меѓутоа, Општината и понатаму ја задржала својата внатрешна самостојност. Од својата средина, на едно изборно народно собрание, таа секоја година бирала нови членови или дел од постарите добивале можност по втор или повеќе пати да бидат реизбрани за општински членови. Црковно-училишната општина ја сочинувале дванаесет членови и еден претседател, кој во исто време бил владички наместник за црковните работи и народен претставник пред турскиот меџлис. Друга по важност личност во Општината бил секретарот, во исто време и општински писар, кој обично ги водел општинските протоколни книги и друга документација; го поседувал општинскиот печат и друго. Воедно, тој, покрај претседателот, бил единствена платена личност во Општината, кој примал секој месец по 150 гроша. Општината ги свикувала своите членови на редовни и вонредни општински заседанија. Истите се одржувале во општинската зграда која сè до 80-тите години се наоѓала во просториите на прилепското училиште. Со работата на општинските заседанија раководел претседателот на Општината. На седниците обично се разгледувале и решавале црковно-тестаментарни и други судски, социјално-хуманитарни, брачно-тестаментарни и други прашања и секојдневни проблеми од животот на градот и околината[7]). Како што истакнавме погоре, сите општински тужби, жалби и решенија се забележувале од страна на секретарот (писарот) во специјална општинска протоколна книга. Истиве општински акти биле заверувани од страна на претседателот, секретарот и понекои од членовите на Општината. Но тоа секогаш не се практикувало. Одделни општински решенија биле забележувани и потврдувани само од општинскиот претседател. Среќаваме дури и доста општински документи во кои не се наоѓало името на нејзиниот претседател или секретар, а само датата кога тие се донесени и слично.

И во временскиот период 1881-1886 година изборот на нови членови на Прилепската црковно-училишна општина станувал сосема демократски од составот на прилепското граѓанство. Органската поврзаност на Општината со Егзархијата, во оваа смисла, се состоела во барањето потврдување членовите

---

[6]) Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга прва, Прилеп, 1971, 213—214.

[7] За ова види: Љубен Лапе, Прилепската црковно-училишна општина, Прилеп и Прилепско низ историјата..., 210—212.

на секоја новобирана општина од страна на егзархот[8]). Меѓутоа, за изборот на најважната личност во општината — претседателот, требало да се добие официјално одобрение од страна на Егзархијата. Истово лице морало да потекнува од црковниот клер, а било плаќано од егзерхиската каса.

Во временскиот период за кој се осврнуваме, како и пред тоа и потоа, се разбира, Егзархијата се обидела да го сопре природниот дотогаш понатамошен демократски развиток на Прилепската црковно-училишна општина, за да ја потчини истата под своја власт, и да ја управува под своја команда. Тоа ќе доведе до избивање на отворен конфликт помеѓу Прилепската општина и Егзархијата. Наспроти централистичката политика на Егзархијата, како што истакнува Христо Шалдев,[9]) општината „љубоморно го пазела своето право да го раководи учебното дело во градот на чисто автономни начела, како што било порано, избегнувајќи дури и формално врзување со егзархиската институција ... Пазењето на автономните права на Општината и Училишното настојателство, понекогаш достигнувало до толкава необичност и од директорите на прилепските училишта, кои не сакале да даваат дури и статистички податоци за бројноста на учениците и учителите во училиштето, како и да не допуштаат на ревизија егзархиски училишни инспектри". Понатаму Шалдев истакнува дека Прилепската црковно-училишна општина на полето на зачувувањето понатамошниот автономен развиток на училишното дело во градот и околината ... „трудољубиво се грижела за класните училишта, често игнорирајќи го Училишното настојателство и директорите, како и Училишниот оддел при Св. Егзархија. Така, таа си дозволувала право сама да избира и назначува не само учители, но и директори на училиштата, и нешто повеќе, таа реагирала пред Училишниот оддел, кога последниов без знаење на Општината назначувал учители и по селата..."[10]).

---

[8] За полниот состав на новоизбраната на 14. I 1884 година Прилепска црковно-училишна општина, во кој влегол и Марко Цепенков, Општината го известила егзархот на 9. II 1884 година. Од своја страна, со официјално писмо од 26. III 1884 година Егзархијата ја известува Прилепската општина дека ја потврдува истата. — Втора протоколна книга..., 61, 62.

[9] Христо Шалдев бил долгогодишен директор на прилепските училишта и е еден од најдобрите познавачи на постарата и понова документација на Прилепската црковно-училишна општина. Впрочем, своевремено ја имал на располагање целокупната општинската архива. Како последица на ова успеал да објави дел од неа, тргнувајќи од свои големобугарски позиции, докажувајќи го и бранејќи го бугарскиот карактер на Прилепската општина.

[10] Христо Шалдев, Градъ Прилѣпъ за своитѣ училища, Македонски прегледъ, год. I, кн. II, София, 1924, 38—51.

И од зачуваната архивска документација може да се согледа споменатата конфликтна ситуација помеѓу Прилепската општина од една страна, а Училишниот оддел (попечителство), и Егзархијата од друга страна. Во повеќето документи,[11] пред сè од страна на Училишниот оддел, основан во оваа време (1883—1884 година) во Цариград, се барало од Прилепската општина да му испрати точни статистички податоци и списоци за бројот на учениците и просветните работници. На бројни вакви повици Општината не се одѕивала на егзархиските барања. Општината исто така не го прифатила егзархискиот правилник за управување на класните училишта, продолжувајќи и понатаму да се управува и раководи во просветата со правилникот изработен од страна на Прилепското училишно настојателство, кој бил доста усогласен со месните услови.[12])

Грижата за просветното дело во градот и околните села Општината му ја препуштила на компетенцијата на Училишното настојателство. Истово било бирано од страна на Општината, кое иако делувало сосема самостојно, сепак на одреден начин зависело од Општината, пред која материјално и морално одговарало. Во периодот од 1881 до 1886 година, поради зголемениот обем на училиштата и училишното дело во градот и околните села, се зголемил бројот на Училишното настојателство од три, односно од осум на дванаесет членови. Новоформираното Училишно настојателство во ова време се задолжило пред Општината:

„1. Да ги контролира училиштата и да се грижи за нивното подобрување и снабдување со способни учители;
2. Да се грижи за добриот развиток на училиштата и врз точното исполнување на уставот;
3. Да се грижи се задоволување и потврдување пред Општината на сè што е полезно за народното образование и
4. Да ги стави во дејство решенијата кои ѝ се натоварени од страна на Општината“.[13]

Понатаму Училишното настојателство се грижело за поправање, доградување и изградба на училишни простории, одржување на хигиената во нив, разгледување и усвојување на училишниот буџет, следење и оценување работата на училиш-

[11] Втора протоколна книга..., 60, 63, 64.

[12] Христо Шалдев, Обзоръ на учебното дѣло въ Прилѣпъ, Прилеп, s. a., с. 33. — Непубликуван труд од Христо Шалдев во Историскиот архив на град Прилеп.

[13] Истото, 34; Христо Шалдевъ, Погледъ върху църковно-училищното дѣло въ гр. Прилѣпъ, Прилеп, 1912, 145.— Непубликуван труд на Христо Шалдев во Историскиот архив на град Прилеп.

ните работници и друго.[14]) Во понекои случаи Настојателството давало предлози до Општината за понекои санкции на несовесните просветни работници. Што значи, Настојателството, односно Црковно-училишната општина преку него можела да му даде отказ или парично да го казни несовесниот просветен работник и слично.

Според документацијата која се однесува за Прилепската црковно-училишна општина, во овој временски период (1885 година) во Прилеп работеле девет просветни работници, а наставата ја посетувале седумсто шеесет и пет ученички и ученици заедно со забавалиштето.[15])

Веќе во овој податок, делумно објаснет во подножната напомена долу во текстот, ја согледуваме акцијата на Прилепската општина за основање на третокласно и четвртокласно училиште во градот под називот гимназија и обидот во прераснување на женското училиште во степен на средно училиште. И основањето, иако само за една година, на свештеничкото училиште во 1885—1886 година, отворањето на училишниот пансион за потребите на тоа училиште, пак било дело на Прилепската црковно-училишна општина.

Една од просветните дејности на Прилепската црковно-училишна општина во ова време било и давањето на материјална помош на одделни послабо ситуирани училишта во прилепските села,[16]) потоа материјалното помагање на победните ученици со цел за понатамошно нивно школување во повисоки училишни установи, какви што немало во градот. Во оваа смисла, на одделни победни или најдобри ученички или ученици Општината им излагала во пресрет, така што им давала училишни стипендии или ги упатувала на понатамошно бесплатно школување во некој друг град каде постоело училиште од повисок степен и слично.

---

[14] Ив. Крайничанецъ, Една расходка до Прилеп въ края на миналия векъ. Сто години ново българско училище въ гр. Прилеп 1843—1943, Скопие, 1943, 170—174.

[15] Еве го вкупниот број на учениците, учителите и нивните примања во 1885 година:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ..Забавалиштето со | 130 | ученици со | 1 | учител плата | 3.000 гр. |
| Звучното одде. | 120 | —"— | 1 | —"— | 3.500 гр. |
| Подготвително со | 240 | —"— | 3 | —"— | 15.000 гр. |
| Први клас | 85 | —"— | 1 | —"— | 5.500 гр. |
| Втори клас | 60 | —"— | 1 | —"— | 7.000 гр. |
| Женското уч. | 130 | —"— | 2 | —"— | 3.000 гр. |
| | 765 | —"— | 9 | —"— | 37.000 гр. |

Историски архив на град Прилеп, Фонд: Прилепска црковно-училишна општина — Изъ протоколитѣ на общината, До Н. Блаженство Г. Г. Йосиф I. Екз, Бъл., Прилѣпъ, 1881 г., 5/V; Истото: Љ. Лапе, Протоколи . . ., 85—87.

[16] Види го примерот на општинското материјално помагање на училиштата во село Плетвар и Тополчани. — Љ. Лапе, Протоколи . . ., 95.

Упорноста на Прилепската црковно-училишна општина за зачувувањето на понатамошната автономност на црковно-училишното дело во градот и околните села од посегнувањето на централистичката политичка дејност на Егзархијата сè повеќе се намалувало, Со економското ослабнување на градот во 70-тите и 80-тите години на минатиов век сосема материјално ќе ослаби и Прилепската општина .На таков начин, празната општинска каса сè повеќе ќе зависела од Егзархијата. Покрај материјалното издржување на директорот на прилепските училишта, заедно со издршката на претседателот на општината, понатаму Егзархијата ќе успее да ги стви под своја материјална подчинетост и општинските учители.

Така постепено и училишното дело и Прилепската црковно-училишна општина наполно ќе потпаднат под зависност на Бугарската егзархија и пропаганда.


Факсимил [redacted]. Личниот потпис на Марко Цепенков на еден општински протоколен документ од 23.I 1883 година

Факсимил. Личниот потпис на Марко Цепенков на еден општински протоколен документ од 23. I 1883 година